# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД
Ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod@yahoo.com
www.mbrod.gov.mk


# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК


| | |
|---|---|
| **Службен гласник** | **04.04.2022 година** |
| **Општина Македонски Брод** | **Македонски Брод** |
| **Излегува по потреба** | **Број 3 – 2022 год.** |

АПРИЛ 2022

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ број 4/17), Правилникот за критериумите за определување на надоместок на членовите на изборните органи и изборната администрација за спроведување на Локалните избори 2021 година број 08-3173/1 од 26.10.2021 година и Изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за определување на надоместок на членовите на изборните органи и изборната администрација за спроведување на Локалните избори 2021 година број 08-3173/2 од 30.11.2021 година, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.03.2022 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

за определување на надоместок за членовите на Општинската изборна комисија Македонски Брод и Избирачките одбори за локалните избори 2021 година

Член 1

На членовите на Општинската изборна комисија Македонски Брод им се определува следниот надоместок:

- на Претседателот му се определува надоместок во висина од 46.000,00 денари;
- на Зам.Претседателот му се определува надоместок во висина од 41.000,00 денари;
- на Секретарот му се определува надоместок во висина од 41.000,00 денари ;
- на член му се определува надоместок во висина од 36.000,00 денари
- на заменик член му се определува надоместок во висина од 26.000,00 денари
- на Зам.Секретарот му се определува надоместок во висина од 21.000,00 денари;

Надоместокот за целокупниот состав на Општинската изборна комисија Македонски Брод се зголемува за 25% од надоместокот утврден во претходниот став заради одржување втор круг на гласање.

Член 2

На Избирачките одбори за спроведување на гласањето на Локалните избори 2021 година, кои во своја надлежност имаат до 100 гласачи, за секој круг на гласање одделно се определува следниот надоместок:

- на претседателот на ИО му се определува надоместок во висина од 4.000 денари
- на заменикот претседател на ИО му се определува надоместок во висина од 3.500 денари;
- на членот на ИО му се определува надоместок во висина од 3.000 денари;
- на заменикот член на ИО му се определува надоместок во висина од 3.000 денари.

Член 3

На Избирачките одбори за спроведување на гласањето на Локалните избори 2021 година, кои во своја надлежност имаат од 101 до 300 гласачи, за секој круг на гласање одделно се определува следниот надоместок:

- на претседателот на ИО му се определува надоместок во висина од 4.500 денари

- на заменикот претседател на ИО му се определува надоместок во висина од 4.000 денари;
- на членот на ИО му се определува надоместок во висина од 3.500 денари;
- на заменикот член на ИО му се определува надоместок во висина од 3.500 денари.

Член 4

На Избирачките одбори за спроведување на гласањето на Локалните избори 2021 година, кои во своја надлежност имаат од 301 до 600 гласачи, за секој круг на гласање одделно се определува следниот надоместок:

- на претседателот на ИО му се определува надоместок во висина од 5.000 денари
- на заменикот претседател на ИО му се определува надоместок во висина од 4.500 денари;
- на членот на ИО му се определува надоместок во висина од 4.000 денари;
- на заменикот член на ИО му се определува надоместок во висина од 4.000 денари.

Член 5

На Избирачките одбори за спроведување на гласањето на Локалните избори 2021 година, кои во своја надлежност имаат од 601 до 800 гласачи, за секој круг на гласање одделно се определува следниот надоместок:

- на претседателот на ИО му се определува надоместок во висина од 5.500 денари
- на заменикот претседател на ИО му се определува надоместок во висина од 5.000 денари;
- на членот на ИО му се определува надоместок во висина од 4.500 денари;
- на заменикот член на ИО му се определува надоместок во висина од 4.500 денари.

Член 6

На претседателот, членовите и нивните заменици во Избирачките одбори кои што спровеле гласање на болни и немоќни лица, надоместокот предвиден во членовите 2, 3, 4 и 5 од оваа Одлука се зголемува за 20% проценти.

Член 7

На членовите на посебниот избирачки одбор кои го спровел гласањето на избирачите во домашен карантин, избирачите на кои им е издадено Решение за изолација од ДЗСИ заради позитивен тест на КОВИД-19 и избирачите на кои им е одредена мерка самоизолација, им се определува надоместок во износ од 6.000 денари.

Член 8

Вкупната сума на средства кои треба да се исплатат на членовите на Општинската изборна комисија Македонски Брод и членовите на избирачките одбори за спроведување на првиот и вториот круг на гласање изнесува 3.472.550 денари.

Член 9

Надоместокот од членовите 1, 2, 3 ,4, 5, 6 и 7 од оваа Одлука ќе се исплати поединечно на секој член на општинската изборна комисија и избирачките одбори на трансакциона сметка.

Надоместокот од ставот 1 на овој член ќе се исплати сукцесивно, 50% во месец април 2022 година и 50% во текот на второто полугодие на 2022 година, согласно расположливите средства во Буџетот на Општина Македонски Брод.

Средствата за исплата на надоместокот определен во ставот 1 од овој член ќе се исплатат од сметката на Општинската изборна комисија Македонски Брод.

Член 10

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“

Број 18 - 288/3
31.03.2022 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за определување на надоместок за членовите на Општинската изборна комисија Македонски Брод и Избирачките одбори за локалните избори 2021 година

Се објавува Одлука за определување на надоместок за членовите на Општинската изборна комисија Македонски Брод и Избирачките одбори за локалните избори 2021 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 7 - та седница одржана на ден 31.03.2022 година.

Бр. 08 - 288/26
04.04.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на РСМ” бр. 244/19, 53/21, 77/21 и 150/21), и член 21 точка 4 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 - пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на 7 - та седница, одржана на 31.03.2022 година, донесе

# О Д Л У К А

за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година

Член 1

Во членот 28, став (1) и став (2) се менуваат и гласат:

„(1) Во случај на смрт на вработениот, на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од двократен износ на просечната месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата”.

„(2) На вработениот, во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и децата земени на издржување) му припаѓа парична помош во износ на една просечна месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата”.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр. 18 - 288/4
31.03.2022 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година

Се објавува Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 7 - та седница одржана на ден 31.03.2022 година.

Бр. 08 - 288/26
04.04.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 - пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на 7 - та седница одржана на ден 31.03.2022 година, донесе

# О Д Л У К А

## за пристапување кон спогодбено уредување на споровите за надомест на штета предизвикана од каснување на куче скитник

Член 1

Со оваа Одлука Општина Македонски Брод пристапува кон спогодбено уредување на споровите за надомест на штета предизвикани од каснување на куче скитник на територијата на општината.

Член 2

Се задолжува Општина Македонски Брод да изготви Правилник за начинот и постапката за утврдување и исплата на материјална и нематеријална штета предизвикани од напад на бездомни кучиња.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Број 18 - 288/5<br>31.03.2022 година<br>Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод<br>Претседател,<br>Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за пристапување кон спогодбено уредување на споровите за надомест на штета предизвикана од каснување на куче скитник

Се објавува Одлука за пристапување кон спогодбено уредување на споровите за надомест на штета предизвикана од каснување на куче скитник, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 7 - та седница одржана на ден 31.03.2022 година.

Бр. 08 - 288/26
04.04.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02), член 5 став 1 точка 3 од Законот за даноците на имот („Службен весник на РМ” бр.61/04, 92/07, 102/08 ... 151/2021), член 46 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.02/03), а согласно член 16 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижниот имот („Службен весник на РМ” бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14), Советот на Општина Македонски Брод на 7 - та седница, одржана на ден 31.03.2022 година, донесе:

# О Д Л У К А

за определување зони и подзони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот на територијата на Општина Македонски Брод

Член 1

Согласно Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижниот имот донесена од Министерството за транспорт и врски на територијата на Република Северна Македонија, се определуваат следните зони и подзони за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот на подрачјето на Општина Македонски Брод:

I. Шеснаестта зона
II. Седумнаестта зона
III. Осумнаестта зона

Член 2

Утврдувањето на пазарната вредност според зоните се пресметува според пресметковни бодови по м² функционална површина која се додава на утврдената градежна вредност, а намалена за амортизацијата и тоа за:

**I. Шеснаестта зона со две подзони**

Бројот на пресметковни бодови во шеснаестта зона, изнесува од 20 до 30 бода по м² фуннкционална површина на недвижностите и вредноста на секој бод изнесува едно евро во денарска противвредност.

**Во шеснаестта зона се наоѓаат улиците:**

- Ул.„Маршал Тито”, со сите краци
(од плоштад до мост Алкалоид)
- Ул.„Партизанска”, со сите краци
(од објект Ветеринарна станица до спој со ул.„Илија Игески Цветан”)
- Градежно (урбанизирано) земјиште предвидено за викенд населби

**Во шеснаестта зона, I-подзона се наоѓаат улиците:**

- Ул.„Димитар Влахов”
- Ул.„Васко Карангелески”
- Ул.„Јане Сандански”
- Ул.„Илија Игески Цветан” (од раскрсница со Партизанска до Црквата)
- Ул.„15-та Бригада”
- Ул.„7-ми Септември”
- Ул.„Илинденска”

**Во шеснаестта зона,II-подзона се наоѓаат улиците:**

- Ул.„11-ти Октомври”
- Ул, „Поречка”
- Ул.„Илија Игески Цветан” (од Црква до раскрсница со ул.Душан Митрески)
- Ул.„Кирил и Методиј”
- Ул.„Вук Караџиќ”
- Ул.„Гоце Делчев”
- Ул.„Никола Тесла”
- Ул.„Ѓорче Петров”
- Ул.„Првомајска”

**II. Седумнаестта зона со една подзона**

Бројот на пресметковни бодови во седумнаестта зона, изнесува од 10 до 15 бода по м² функционална површина на недвижностите и вредноста на секој бод изнесува едно евро во денарска противвредност.

**Во седумнаестта зона се наоѓаат улиците/селата:**

- Сите останати улици (во урбанизираните блокови на градот - во опфат на ГУП за М.Брод), што не се спомената во првата и третата зона.

-Градежно (урбанизирано) земјиште предвидено со ЛПУД

-Градежното земјиште утврдено со ДУП, УПВНМ, УПС, УП и Општ Акт во населените места во близина на езерото Козјак, с.Близанско, с.Здуње, с.Требовље, с.Белица, с.Самоков и с.Ижиште.

- Сите катастарски парцели во планскиот опфат и катастарски парцели надвор од планскиот опфат, а на кои се изградени бесправни објекти за кои се издадени решенија за утврдување на правен статус - легализација.

**Во седумнаестта зона, I-подзона, се наоѓаат улиците\селата\КО:**

- Градежното земјиште во населените места:КО Ореовец, КО Русјаци, КО Латово, КО Требино, КО Сувидол, КО Девич, КО Локвица, КО Г/Д.Манастирец, КО Модриште, КО Драгов Дол, КО Сланско, КО Крапа и КО Црешнево

**III. Осумнаестта зона**

Бројот на пресметковни бодови во осумнаестта зона, изнесува 5 бода по $м^2$ функционална површина на недвижностите и вредноста на секој бод изнесува едно време во денарска противредност.

**Во осумнаестта зона припаѓа:**

- Градежното земјиште на сите останати населени места во Општина Македонски Брод.

Член 3

Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за определување на зони и подзони на територијата на Општина Македонски Брод со примена на Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижниот имот бр. 18-462/7 од 30.05.2016 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.05/16)

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр. 18 - 288/6
31.03.2022 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за определување зони и подзони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот на територијата на Општина Македонски Брод

Се објавува Одлука за определување зони и подзони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот на територијата на Општина Македонски Брод, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 7 - та седница одржана на ден 31.03.2022 година.

Бр. 08 - 288/26
04.04.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 - пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на 7 - та седница одржана на ден 31.03.2022 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

за доплата на нето плата до минималната нето плата

Член 1

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија објавен во („Службен весник на РСМ“ бр.41/2022) висината на минималната плата во бруто износ во Република Северна Македонија започнувајќи од март 2022 година изнесува 26.422,00 денари додека висината на месечната минимална плата во нето износ од 18.000,00 денари.

Имајќи го искуството од досегашната примена и начинот на утврдување и пресметување на доплата на нето плата до минималната нето плата, укажуваме дека тоа не треба да се врши со промена на интерните акти или со допишување на бодови во пресметката на нето плата туку со прилагодување на софтверската апликација со вградување на поле додаток до минимална плата.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Број 18 - 288/7
31.03.2022 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучок за доплата на нето плата до минималната нето плата

Се објавува Заклучок за доплата на нето плата до минималната нето плата, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 7 - та седница одржана на ден 31.03.2022 година.

Бр. 08 - 288/26
04.04.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 точка 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03 ... 4/17 - пречистен текст), по доставен Заклучок од Влада на Република Северна Македонија бр.41-835/1 од 15.03.2022 година, точка 17/18, Советот на Општина Македонски Брод на 7 - та седница одржана на ден 31.03.2022 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

по Информација за статусот на спроведување на проектот „Изградба на водоснабдителен систем за град Крушево“

1.Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.03.2022 година донесе Заклучок за одбивање на Барањето за давање согласност за зафаќање на изворите на територија на Општина Македонски Брод од страна на Општина Крушево, за реализација на проектот „Изградба на водоснабдителен систем за град Крушево”.

2. Барањето на Општина Крушево за зафаќања на извори за вода не се прифаќа од причина што се однесува на извори за вода кои се дел од постојниот водоснабдителен систем за село Сланско.

Со давање на согласност на барањето за зафаќање на дел од изворите од страна на Општина Крушево, Општина Македонски Брод ќе го прекине водоснабдувањето на с.Сланско.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави со „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Број 18 - 288/8
31.03.2022 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучок по Информација за статусот на спроведување на проектот

„Изградба на водоснабдителен систем за град Крушево“

Се објавува Заклучок по Информација за статусот на спроведување на проектот „Изградба на водоснабдителен систем за град Крушево“, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 7 - та седница одржана на ден 31.03.2022 година.

Бр. 08 - 288/26
04.04.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 40 точка 1 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.32/20), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 31.03.2022 година донесе:

# П Р О Г Р А М А
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНАТА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2022 ГОДИНА

1.Со оваа Програма се врши дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на Општина Македонски Брод за 2022 година, бр.18-750/15 од 29.11.2021 година донесена од страна на Советот на Општина Македонски Брод и тоа во точка „Д“ се дополнува:

Д.УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

-Изработка на Урбанистички проект вон плански опфат на урбанистички план за градба на Г-2 Лесна незагадувачка индустрија на КП бр.34, запишана во ИЛ бр.31 за КО Барбарос, во површина од 8.383 $м^2$, сопственост на Република Македонија, по иницијатива на Општина Македонски Брод.

2.Останатите одредби од Програмата за урбанистичко планирање на територијата на Општина Македонски Брод за 2022 година, бр.18-750/15 од 29.11.2021 година остануваат непроменети.

3.Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 – 288/9
31.03.2022 година
Македонски Брод

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Македонски.Брод
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на Општина Македонски Брод за 2022 година

Се објавува Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на Општина Македонски Брод за 2022 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 7 - та седница одржана на ден 31.03.2022 година.

Бр. 08 - 288/26
04.04.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Во согласност со член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод, Законот за градење („Службен весник на РМ“ бр.130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016 и 132/2016), Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18), Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16), Закон за комунални дејности („Службен весник на РМ“ бр.95/12 ... 31/16 и 64/18), Правилникот за формата и содржината на одобрението за поставување на урбана опрема и начинот на негово издавање („Службен весник на РМ“ бр.123/08), и врз основа на Одлуката за утврдување потребата од поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Македонски Брод бр.18 -102/8 од 30.01.2015 година, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржанан 31.03.2022 година донесе:

# П Р О Г Р А М А

## ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2022 година

**I.ВОВЕД**

Со оваа Програма се уредуваат видовите на урбана опрема, локалитетите на кои се поставува, начинот и условите за нејзино поставување, дислоцирање и отстранување.

Со оваа програма е опфатена урбаната опрема која се поставува на градежно изградено земјиште и согласно член 2 став 4 од Законот за градење („Службен весник на РМ“ бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016 и 132/2016), а во врска со член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“).

Урбаната опрема претставува опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, храна, сладолед, телефонски говорници, автобуски постојки, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско-конзуларните претставништва, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти, опрема во функција на туристички, културни и спортски настани, опрема за спортско-рекреативни активности, јавни санитарни јазли, тераси со или без настрешници, платформи за јавни манифестации на копно и на водна површина, покриени и непокриени шанкови, пливачки објекти, паркинзи во функција на објекти на органите на државна управа и на објекти на општините, рекламни и информативни паноа, детски игралишта, натстрешници кои се поставуваат на јавна површина, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци.

**II.ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА**

Со Програмата за поставување на урбана опрема се постигнуваат следните цели:

- Евиденција на урбана опрема на територија на Општина Македонски Брод;

- Естетско обликовните подобрувања и воведување на нови стандарди во уредувањето на просторот;
- Уредување, оплеменување, хуманизација на просторот и заштита на животната средина;
- Вработување на невработени лица (податоци за работоспособно и младо невработено население);
- Можност за активирање на повеќе стари занаети и различни видови ракотворби преку изработка на, изложување и продажба на накит, уметнички предмети, предмети за различна употреба, сувенири;
- Брз сервис и услуга на граѓаните од непосредната близина (продажба на билети за јавен превоз, телефонски говорници, автобуски постојки, продажба весници, сувенири, цвеќиња);

## III. ВИДОВИ НА УРБАНА ОПРЕМА

Според Законот за градење („Службен весник на РМ“ бр.130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 132/2016, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.244/19 и бр.18/20) урбана опрема се поставува на јавни површини кои претставуваат градежно изградено и уредено земјиште без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот. Под урбана опрема, во смисла на овој закон, се смета опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, сладолед, телефонски говорници, автобуски постојки, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско – конзуларните претставништва, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти, јавни санитарни јазли, тераси со или без настрешници, платформи за јавни манифестации на копно и на водна површина, покриени и непокриени шанкови, самостоечки рекламни паноа, детски игралишта, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци.

Урбана опрема се поставува исклучиво за остварување јавен интерес утврден со закон.

Урбаната опрема не е дел од градежното земјиште и врз основа на ова не се стекнуваат стварни права врз градежното земјиште.

## IV. КРИТЕРИУМИ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИДОТ НА УРБАНАТА ОПРЕМА

За определување на типот на урбаната опрема која треба да се постави служат следните критериуми:

- Функционални критериуми како што се намена, времетраење и површина наменета за вршење на дејноста;
- Естетско – морфолошките критериуми да овозможуваат редизајн на постојната типизација, односно морфолошка разновидност или потполна обликовна изедначеност,
- Материјално експлоатациони критериуми ги одредуваат економските аспекти, категорија, време и објекти.

Урбаната опрема која се поставува на подрачјето на Општина Македонски Брод треба да ги задоволува основните барања за градбата, согласно Законот за градење („Службен весник на РМ“ бр.130/9 ...... и „Службен весник на РСМ“ бр.244/19 и 18/20)

Урбаната опрема не смее да го попречува пешачкото движење и да се обезбеди непречен пристап до истата.

Урбаната опрема треба да биде технички и обликовно проектирана, беспрекорно изведена, во склад со амбиентот на локацијата со примена на современи материјали, чисти, исправни и естетски прифатливи.

Доградба, надградба и други надворешни и внатрешни интервенции на урбаната опрема, освен интервенциите за нивно тековно одржување не се дозволуваат.

Со поставувањето на урбана опрема не смее да се попречува или отежнува користењето на станбените, деловните згради и други објекти, односно нивната функција на живеење или работење, да се загрозува сигурноста на сообраќајот, да се намалува пропишаната слободна проодна површина, да се уништува зелена површина, да се намалува естетскиот и општиот изглед на околината.

Урбаната опрема со својот изглед и форма не смее да го намали естетскиот и општиот изглед на околината, а со вршењето на дејноста не смее да се создава нечистотија, недозволена бучава и лоша миризба.

Поставување на урбана опрема се врши на начин што истите несмеат на никаков начин да бидат трајно прицврстени за подлогата, а нивното поставување и отстранување треба да се одвива на брз и лесен начин и без оштетување на подлогата.

Површината што служи за употреба на урбаната опрема мора да се одржува во хигиенски исправна состојба.

При поставување на урбана опрема, не смеат да се поставуваат бариери во просторот кои можат да го попречат безбедносното движење на пешаците или да го оневозможат движењето на лица со хендикеп.

При поставување на урбана опрема не смеат да се превземааат градежни зафати, а особено не зафати со кои се менува материјалот и нивелетата на целата површина што се користи.

При поставување на урбана опрема, не може да се монтираат платформи или рампи, освен ако служат за нивелирање на подлогата за терен во пад каде котата од едната страна на платформата се поклопува со котата на теренот и не го попречуваат или отежнуваат движењето на пешаците, а особено на инвалидизираните лица со колички.

Минималната широчина на јавната површина на која може да се постави урбана опрема изнесува 3,2 м, а за поставување на монтажно – демонтажен или типски објект од лесна конструкција истата треба да изнесува минимум 4,5 м.

При поставувањето на урбаната опрема мора да се запазат следните стандарди: поставувањето на урбаната опрема е на минимално растојание од 0.80 м од рабникот на коловозот (за кошничка за отпадоци, жардињери, рекламни направи и др.) односно 1.5 м до 2.5 м од рабникот на коловозот (автобуски стојалишта, киосци, дрвореди).
Минималната височина при поставување на чадори за сонце изнесува 2,4 м, а при поставување на натстрешници и тенди минималната височина изнесува 3,2 м над слободната проодна површина. Поставувањето на урбаната опрема пред деловните објекти каде што се врши дејност, е дозволено само во широчината на деловниот објект кон јавната површина, доколку се исполнети условите од оваа Програма и условите од други прописи.

Урбаната опрема што се поставува по повод манифестации, презентации, изложби и за вршење угостителска дејност, секојдневно по завршувањето на работното време се отстранува од јавната површина.

При поставувањето на урбана опрема на тротоари, минималната слободна проодна површина од попречниот профил на тротоарот изнесува 1,5 м. Исклучок претставуваат простори кај кои во партерот постои реализирана граница помеѓу просторот за

движење на пешаци и бараниот простор за поставување на опрема (столпчиња, денивелација и сл.) но просторот за движење не може помал од 1,2 м.
Широчината на слободната проодна површина на тротоарите се мери од рабникот на коловозот или на велосипедската патека. Доколку на тротоарот има дрвја, комунален или рекламен објект, широчината на слободната проодна површина се мери од граничникот на дрвото или од најистурената точка на пречникот на дрвото, на комунален или рекламен објект во правец на делот од јавната површина што е предмет на користење.

Поставување на урбана опрема не е дозволено на делот од тротоарот во зоната на свртување на улицата, односно во зоната на вкрстување на улиците (магистрални и собирни), која изнесува минимум 8,0 м од пресечната точка на двете регулациони линии.

Доколку пешачката површина е поголема од 5,0 м во радиусот на свртувањето дозволено е поставување на урбана опрема за летна тераса при што треба да се запази проодна површина со ширина 2,5 м од работ на коловозот односно од најистурениот елемент (дрво, комунален или рекламен објект).

При поставување на урбана опрема, сопственикот е должен да обезбеди:

- Соодветни услови и согласност за приклучување на инфраструктурни мрежи за предвидениот временски период (електронапојување, водоснабдување и канализација, мрежа за телефонија, електронски комуникации и сл.) од соодветните јавни претпријатија и други правни лица (даватели на услугите) односно од субјектите кои стопанисуваат со објектите на инфраструктурата.
- Примена насовремени градежни материјали кои овозможуваат монтажно демонтажни конструктивни елементи, типски елементи, современо архитектонско обликување, препознатливост на функцијата, репрезентативност на урбана опрема за дејностите од кои тоа се очекува, принцип на повеќеводни кровови – со ниско слеме, обезбедување пристапност за лица со посебни потреби и инвалидитет и сл.
- Согласност од сопствениците на градежната парцела во сопственост, кога земјиштето се користи во јавна употреба согласно закон.

При поставувањето на урбаната опрема, покрај овие услови, мора да се почитуваат специфичните услови на локацијата, интензитетот на пешачкото движење и видот на дејноста која се врши и сл.
Доклолку површината за која се бара поставување на урбана опрема, е во границите на опфатот на заштитено подрачје или објект или за неа е утврден посебен режим на користење, потребно е да се прибави претходно мислење од органот на државната управа надлежен за работите на заштита на културно – историското наследство, односно на природата.

Урбаната опрема се поставува согласно Програма и истата може да биде со различни димензии зависно од дејностите кои се извршуваат во нив.

При поставување на урбана опрема се користи модуларен систем за објекти во кои се извршува иста или слична дејност, со можно мултиплицирање на модулите за зголемување на вкупната површина на урбаната опрема.

Урбаната опрема може да биде само приземна со максимална висина на венец до 3,2 м и висина на слеме добиена со минимален нагиб зависно од видот на употребениот кровен покривач (само како заштита на објектот), со кота на приземје не повисока од 15 см.

## V. ВИДОВИ НА УРБАНА ОПРЕМА

### Привремени паркинзи и приодни патеки

Привремени паркинзи и приодни патеки на неизградено градежно земјиште се изведуваат со елементи кои лесно може да се отстранат, кои не ја нарушуваат животната средина, со можност за поставување на ниска ограда (не повисока од 0,80 м).

### Платформи

Платформите за спортски, културни, туристички и забавни настани (манифестации), како и придружните објекти во функција на истите, се со висини и површини кои овозможуваат безбедност при нивното користење.

Платформите се поставуваат на изградено или неизградено градежно земјиште кое може да прими поголема група на граѓани, согласно стандардите на оваа програма.

Поставувањето и отстранувањето треба да биде непосредно пред и по завршувањето на манифестацијата, а просторот треба да се уреди во првобитна состојба од страна на субјектот кој ја поставил платформата.

### Сплавови – платформи за јавни настани на вода

Сплавовите се површини поставени на вода поврзани со копно со максимална дозволена површина до 100 м$^2$. Се поставуваат сезонски и се користат како летна тераса или краткотрајно за одредени манифестации.

### Информативни паноа

Информативните паноа служат за јавна намена, за информирање на граѓаните (карта на градот, возен ред, и друго) и огласување за културно – уметнички, спортски и други манифестации.

Поставувањето на информативните паноа не смее да го попречува нормалното одвивање на сообраќајот. Информативните паноа може да бидат слободностоечки, преносливи, прицврстени на објект и сл.

### Летни дискотеки

При нивно поставување важат општите и посебните стандарди за поставување на урбана опрема: летни тераси, покриени и непокриени шанкови и други објекти. Се поставуваат со програма донесена на Совет на Општина Македонски Брод.

### Продажба на билети, весници, сувенири, цвеќе и сладолед

Површината на урбаната опрема во која ќе се врши продажба на билети, весници, сувенири и сладолед да не биде поголема од 4,0 м$^2$, а за продажба на цвеќе не поголема од 16,0 м$^2$.

**Телефонски говорници**

Телефонски говорници, поштенски сандачиња, интернет пултуви и банкомати можат да бидат слободностоечки и прикачени на ѕид и треба да се поставуваат на начин да можат да ги користат лица со посебни потреби.

Минималниот простор кој што треба да е слободен пред апаратите изнесува 1,5 м x 1,5 м, како би се овозможило нивно непречено функционирање и пристап до нив, а притоа да не се нарушат постојните пешачки движења.

**Монтажно – демонтажни типски објекти**

Монтажно – демонтажни објекти од лесна конструкција, се објекти со површина до 16,0 $м^2$, кои можат да се постават на одредени места.

Монтажно – демонтажни објекти од лесна конструкција се наменети за продажба на весници, билети за јавен превоз, вода и безалкохолни пијалоци, сувенири, лотарија, кондиторски и слични производи .

Монтажно – демонтажни објекти од лесна конструкција можат да се поставуваат и на одредени места при одржување на хуманитарни, културни, забавни, спортски, изложбени, рекламно – промотивни или деловно – информативни и други активности по повод празници и манифестации како придружни објекти во функција на настаните.

Обликовни услови:

- Монтажните објекти со своето обликување мора да бидат усогласени со просторот на кој се поставуваат, треба да се со унифициран изглед и боја кои ќе се определат со проект за поставување на урбана опрема. Начинот на покривање треба да биде типски без додаток на монтажна тенда. За заштита од сонце и дожд на челото можно е поставување на рол тенда.
- На монтажниот објект може да се постави рекламен натпис со големина не поголема од челото на објектот со името на фирмата која го користи (врши дејност) без можност за истакнување на други рекламни пораки. Рекламниот натпис да не го надминува горниот на монтажниот објект повеќе од 50 см.
- На надворешниот дел од монтажниот објект не се дозволени видливи инсталации или делови на уреди за вентилација и климатизација како и било каква опрема надвор од габаритот на објектот.

Сообраќајни услови

- Монтажен објект или групација на монтажни објекти мора да бидат лоцирани на начин кој нема да го попречува слободното движење на пешаци, инвалиди и возила. Се поставуваат на оддалеченост од работ на коловозот мин.1,5 м до 2,5 м, а од раскрсница мин.10,0 м од почетокот на радиусот за десно свртување.

Технички услови

- При поставување на монтажниот објект мора да се обезбедат санитарно – технички и хигиенски услови: проветрување природно или вештачко,бучавата која се создава со вршење на дејноста да не ја преминува дозволената граница, да се обезбеди заштитен отвор со прописно изведен пулт за издавање на роба, да се обезбеди приклучок на електрична енергија, приклучок на вода за канализација (мијалник – тоалет).

- Подната, ѕидната и таванската облога како и пултот за издавање на роба да се изведат од непропусен, неотровен материјал кој не упива и кој лесно се чисти.

**Автобуски постојки**

Поставувањето на автобуски постојки да биде во согласност со Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата и Законот за јавните патишта, а димензионирањето да се врши со мултиплицирање на модули со површина од 4,0 $м^2$ до 16,0 $м^2$ и висина до 4,0 м од ниво на тротоар до врвот на покривачот.

Во зависност од фреквенцијата на сообраќајот има четири типа на автобуски стојалишта и тоа:

а) Тип А – само автобуска постојка
Во рамките на овој тип има настрешница, клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано, урбани светилки и информативни табли.
б) Тип Б – автобуска постојка со билетара
Во рамките на овој тип има билетара, настрешница, клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано, урбани светилки и информативни табли.
в) Тип В – автобуска постојка со киоск
Во рамките на овој тип има киоск, настрешница, клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано, урбани светилки и информативни табли.
г) Тип Г – автобуска постојка со билетара и киоск
Во рамките на овој тип има киоск и билетара, настрешница, клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано, урбани светилки и информативни табли.

Типот на автобуските постојки и микролокацијата каде ке бидат поставени се одредува според планот на автобуски постојки кој го утврдува Општина Македонски Брод.

При лоцирање на автобуските постојки потребно е да се обезбеди минимум слободен прооден простор пред нив од 2,5 м.

**Објекти за обезбедување**

Површината на објектите за обезбедување да не е поголема од 3,0 $м^2$. За нив важат стандардите за монтажно – демонтажни и типски објекти.

**Јавни санитарни јазли**

Поставувањето на јавни санитарни јазли се врши на уредени површини, во близина на јавно зеленило, паркинг, оддалечени од влезови и излози на објекти. Истите не смеат да го попречуваат користењето на околните објекти и јавни површини. Може да се типски објекти или да се изведени со посебен проект соодветен за избраната локација.

**Тераси, шанкови и натстрешници**

Тераси и шанкови се поставуваат во зависност од расположивата јавна површина, при што е неопходно исполнување на условот да не се наруши урбанистичката концепција на просторот и параметрите за непречено безбедно движење од сите корисници, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.78/06, 140/07 и 12/09), особено по однос на минималните димензии на пешачки површини – тротоари, по однос на непречено користење на околните објекти и простори за јавна намена, протокот на сообраќајот (пешачки, движење на лица со хендикеп), пристап на амбулантно, противпожарно, полициско и комунално возило (возила на јавни служби).

Се забранува покривање на урбаната опрема на летната тераса со најлони. За заштита на елементите на урбаната опрема за време на врнежи, истата може да се прекрие со лесен материјал или елементите да се отстранат од јавната површина. Притоа се забранува складирање на урбаната опрема покрај излогот и сите видливи страни на локалот кон улица и негово натрупување на куп.

На површината на која се поставува урбана опрема за организација на летни тераси дозволено е поставување на: лесно подвижни маси, столици, жардињери, ограда, чадори, натстрешници или тенди.

Сите елементи на опремата што се поставува на летната тераса (маси, столици, натстрешница, чадори, постаменти за чадори, жардињери, ограда и др.) не смеат да го преминуваат работ на одобрената површина.

Исклучително во пешачка зона, на плоштади, кеј и други пошироки површини без моторен сообраќај, опремата за летна тераса се поставува на начин утврден со елаборат. Со елаборат се утврдува просторот, видот и изгледот на опремата како и бојата, димензиите и др.

Јавна површина може да се користи за летна тераса (вршење на угостителска дејност) со поставување само на опрема за летна тераса, а не и дополнително фрижидери, витрини и друго.

Минимална ширина на површината потребна за поставување на урбана опрема за угостителство за поставување на еден ред маси со столови и клупи изнесува 1,5 м.

Масите и столиците како елементи на летната тераса мора да бидат изработени од квалитетни материјали. На определени простори: пешачки зони, плоштад и во заштитени зони може да биде пропишан видот на опремата со посебен елаборат.

Сите направи за заштита од атмосферски влијанија (чадори, натстрешници и тенди) поставени на една тераса треба да бидат усогласени по боја и облик и да сочинуваат една естетска целина.

Чадорите се со минимална слободна височина од 2,4 м. Чадорите за сонце поставени и отворени не смеат со ниеден елемент да ја надминуваат линијата на одобрениот простор, можат да ја наткриваат само одобрената површина и не смеат да бидат прицврстени за подлогата.

Тендите се типски монтажни елементи со роло механизам конзолно поставени на чело на објектот и се поставуваат доколку на јвната површина има простор за еден ред на маси и столици паралелно со ѕидот на објектот без потпирачи на јавната површина.
При поставување на тенди над зона во која се организираат летните тераси минималната слободна височина изнесува 3,2 м. Поставена и монтирана тенда смее да го наткрива само одобрениот простор за летна тераса.
Страните на тендата не смеат да се затвораат со најлон или било каков друг материјал или фиксна конструкција која вертикално ќе се спушта од тендата заради изградба на зимска градина на јавна површина.

Натстрешница е лесен монтажно – демонтажен елемент кој се поставува на два столба кои не смеат да бидат прицврстени за јавната површина, со платно и со роло механизам.
При поставување на натстрешници минималната слободна височина изнесува 3,2 м.
Доколку се поставува натстрешница не се поставуваат други видови на направи за заштита од атмосферски влијанија.
Страните на натстрешницата не смеат да се затвораат со најлон или било каков друг материјал или фиксна конструкција која вертикално ќе се спушта до подлогата.

Оградите и жардињерите поставени поставени на летна тераса не смеат да излегуваат со ниеден елемент надвор од дозволениот простор за летна тераса, да бидат фиксно прицврстени за подлогата и да имаат висина поголема од 0,8 м.
Оградите и жардињерите треба да бидат изведени од квалитетни материјали со високо ниво.

Во пешачките зони не се поставуваат огради или жардињери кон пешачката зона односно истите се поставуваат само помеѓу соседни летни тераси.

**Покриени и отворени шанкови**

Покриени и отворени шанкови се поставуваат на сквер, во парк, на кеј, покрај водни и рекреативни површини.

Покриените и отворени шанкови не смеат да се прицврстени за подлогата и мора да имаат приклучок на вода, електрична енергија и канализација.
Составен дел на локацијата на покриени и отворени шанкови може да биде и летна тераса.

**Самостоечки рекламни паноа**

Самостоечките рекламни паноа се поставуваат на пешачки и зелени површини во профилот на сообраќајниците, додека рекламните паноа на столбови (канделабри) на јавно улично осветлување се поставуваат на метални столбови на улично јавно осветлување, согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на РМ" бр.169/2015, 55/2016 .... Сл.весник на РСМ" бр.244/19, бр.18/20) и Одлуката за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на Општина Македонски Брод.

**Опрема за забава на деца и детски игралишта**

Опремата за забава на деца може да се постави по повод државни и верски празници и други манифестации на места каде има доволен простор за тоа (поголеми јавни површини или неизградено земјиште со елаборат за поставување урбана опрема погодно за таа намена. Може и во уредено зеленило.

**Опрема за спортски рекреативни активности**

Опрема за спортски рекреативни активности може да се постави на изградено и неизградено градежно земјиште со елаборат за поставување на урбана опрема погодно за таа намена. Може и во уредено зеленило

**Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци**

Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци со и без пепелници се поставуваат на јавни површини, во зависност од бројноста и потребите на корисниците.

Клупите и корпите за отпадоци се дел од урбаната опрема на градот и се поставуваат на поголема јавна пешачка површина, плоштад, поголеми пешачки патеки, на автобуски постојки од сите типови и на други локации согласно елаборат за поставување урбана опрема.

Покрај клупите потребно е да има обезбеден поплочен простор со димензии од 1,0 м х 1,2 м за луѓето со хендикеп.

Корпите за отпадоци може да бидат поставени: слободностоечки или прикачени за светилки или фасади на објекти.

**Паркиралишта за велосипеди**

Типот и локациите се определуваат со елаборат за поставување на паркиралишта за велосипеди на Општина Македонски Брод.

**Жардиниери, граничници**

Жардиниери со цвеќе и граничници се поставуваат со цел визуелно да се ограничи просторот определен за времени објекти и урбана опрема од слободната проодна површина или да се ограничи просторот меѓу сообраќајница и слободна површина.

Одобрението за овие елементи е со времетраење колку и одобрението за поставување на времени објекти и урбана опрема по што овие елементи треба целосно да се отстранат од просторот.

Максималната висина на жардиниерите и граничниците е 0.80 м.

**Тезги**

Тезги се лесно подвижни елементи на урбаната опрема кои се поставуваат по повод празници и манифестации или на простори во градот определени со посебни елаборати и служат за продажба на соодветни производи на пригодната намена.

Тезгите треба да се со унифициран изглед и боја соодветни на спецификите на локацијата.

Максималната површина на тезгите изнесува 2,0 до 4,0 м$^2$, и се поставуваат и отстрануваат по завршување на дејноста. Не е дозволено лоцирање на тезги пред влезови на јавни, деловни и станбени објекти.

**Елементи за изложување на производи**

Елементи за изложување на производи се витрини, полици, фрижидери.

Елементи за изложување на производи се поставуваат на јавна површина пред трговски локали, по правило во широчината на челото на локалот, без можност за нивно поставување во уредена зелена површина.

Елементи за изложување на производи се поставуваат покрај ѕидот на локалот.

Над елементите за изложување на производи може да се поставуваат тенди за заштита, конзолно на челото на објектот без вертикални потпирачи.

Просторот што се користи за излагање на производи не смее да се оградува и затвора на било кој начин. (најлони, застаклување и слично)

Корпите за отпадоци може да бидат поставени: слободностоечки или прикачени за светилки или фасади на објекти.

Идејните решенија на урбаната опрема која ќе биде поставена треба да биде во согласност со микролокациски услови со високи естетско – функционални вредности и вклопеност во пејсажот на микролокацијата и подрачјето на општината.

## VI.ПРЕГЛЕД НА ЛОКАЦИИ ЗА УРБАНА ОПРЕМА

Оваа програма го опфаќа просторот на плоштадот и на следните улици:

1.Урбана опрема – тезги

1.1 ул.„Маршал Тито“ пред времените објекти 4 локации во површина од по 2 $м^2$

1.2 ул. „Димитар Влахов“ 1 локација во близина на фонтаната во паркот наспроти бензинската пумпа во површина од по 2 $м^2$

1.3 ул.„Партизанска“ пред времени објекти 2 локации во површина од по 2 $м^2$

1.4 ул. „Иво Лола Рибар“ во бизина на маркет „Филипос“ во површина од 2 $м^2$

ул. „Илија Игески Цветан“ 1 локација пред бутик „Весна“ во површина од 2 $м^2$

2. Урбана опрема натстрешници, тераси и шанкови

2.1 ул.„Димитар Влахов“ пет локации во должина на постоечките објекти

2.2 ул.„Маршал Тито“ 15 локации од кои девет пред времени објекти, една пред кафеана „Стара Куќа“, 2 локации на плоштадот пред „Автобуска“, една наспроти поштата, во должина на постоечките објекти и 4 локации по 16 $м^2$ пред времени објекти на новиот градски пазар

2.3 ул.„Партизанска“

- локација до објект (времен) на Симед сендвичара во површина од 10 $м^2$ и
- локација на одбојкарското игралиште (за време на летен турнир) во површина од 20 $м^2$
- локација пред деловен простор кај „Социјална зграда“ во површина од 40 $м^2$

2.4 Локација на Беличка река, кафеана „Чифлик“

2.5 Локација на Беличка река, кафеана „Табана“ од 20 $м^2$

3.Урбана опрема – платформа за јавни манифестации на копно

На плоштад во површина од 50 $м^2$

4.Урбана опрема – рекламни и информативни паноа

- На плоштад 1 локација од 5 $м^2$
- На столбови на јавно осветлувањена улиците „Партизанска“ и „Маршал Тито“ 10 локации
- Две локации на влезовите во градот од исток и запад
- Една локација наспроти мостот на река Треска

5. Урбана опрема за фитнес на отворен простор
   - Една локација кај СОУ „Св.Наум Охридски“

## VII.НАЧИН И УСЛОВИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

Поставувањето на урбаната опрема ќе се финансира од Буџетот на Општина Македонски Брод, како и од заинтересирани правни и физички лица.

Поставување урбана опрема на јавни површини, за чие одржување е надлежна Општина Македонски Брод, се врши врз основа на Одобрение за поставување на урбана опрема.

Одобрение за поставување на урбана опрема Согласно Законот за градење член 80 став 2, го издава градоначалникот на општината.

Согласно член 81 став 1 со одобрението за поставување на урбаната опрема се утврдуваат и условите, начинот и рокот за поставување и отстранување на урбаната опрема.

Надоместокот за поставување на урбана опрема се утврдува согласно Закон за комунални такси и Одлуката за висината на комуналните такси за подрачјето на Општина Македонски Брод бр.08-2228/28 од 27.02.2020.

Доколку урбаната опрема се поставува за вршење дејност на јавна површина пред деловна просторија, одобрението за поставување може да се издаде само ако за користење на просторот претходно е издадено Одобрение за вршење дејност, од страна на градоначалникот на Општина Македонски Брод.
Кога просторот пред деловната просторија на кој се бара да се врши дејност се наоѓа на земјиште во сопственост, потребно е само одобрение за вршење дејност пред деловна просторија.

Времетраењето на одобрението за поставување на урбана опрема може да биде:
- Дневно, за време од 24 часа (манифестации, презентации и др.)
- Краткотрајно, за период од 30 дена (манифестации, презентации, изложби и др.)
- Сезонско, за период од 3 до 7 месеци (трговија на мало и др.)
- Годишно, за период до една година (угостителство, трговија, градилиште и др.).

За добивање на одобрение за поставување на урбана опрема, заинтересираниот субјект поднесува барање до градоначалникот на Општина Македонски Брод.

**VIII.Вршење надзор**

Вршењето надзор над поставувањето, задржувањето, дислокацијата и отстранувањето на урбаната опрема е во согласност со Законот за градење („Службен весник на РМ“ бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016 и 132/2016).

**IX. Преодни и завршни одредби**

Реализацијата на Програмата ја врши градоначалникот на Општина Македонски Брод преку Одделението за комунални дејности во општината.

Во состав на оваа Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Македонски Брод спаѓа и графички дел.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Програмата е од отворен тип и може да се надополнува согласно потребите на општината и заинтересираните субјекти кои ги исполнуваат условите.

Бр.18 - 288/10
31.03.2022 година

Претседател на
Советот на Општина Македонски Брод
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Програма за поставување урбана опрема на подрачјето на Општина Македонски Брод за 2022 година

Се објавува Програма за поставување урбана опрема на подрачјето на Општина Македонски Брод за 2022 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 7 -та седница одржана на ден 31.03.2022 година.

Бр. 08 - 288/26
04.04.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 15 став 1 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ бр.52/2010) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.04/2017), Советот на Општина Македонски Брод на 7 - та седница одржана на 31.03.2022 година, ја донесе следната :

# О Д Л У К А

за давање Согласност за склучување на Меморандум за соработка помеѓу Општина Македонски Брод и Бизнис Конфедерација на Македонија

Член 1

Со оваа одлука Советот на Општина Македонски Брод дава Согласност за склучување на Меморандум за соработка помеѓу Општина Македонски Брод застапувана од Градоначалникот м-р Жарко Ристески и Бизнис Конфедерација на Македонија застапувана од Миле Бошков - Претседател на Бизнис Конфедерација на Македонија.

Член 2

Се овластува Градоначалникот на Општина Македонски Брод да склучи Меморандум за соработка со следната содржина:

## МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ

## БИЗНИС КОНФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
## И
## ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Датум: --.03.2022
Место: Скопје

**I. Страни**

Овој документ претставува договор за соработкапомеѓу

**Бизнис Конфедерација на Македонија**

и

**Општина Македонски Брод**

**II. Општи цели**

Бизнис Конфедерација на Македонија

претставуваат независни организации кои целосното нивно работење е насочено кон унапредување на условите за работаи стандардот на работниците и волонтерите.

Здружувајќи ги своите интереси за постигнување на индивидуални и заеднички цели, двете страни се одлучија да ја подобрат соработката и заеднички да настапуваат во остарување на поедини цели.

**II.а Цел на договорот**

Целта на договорот е да се изрази посветеност на заедничка соработка и меѓусебна поддршка во понатамошните активности.

Заедничката соработка ќе се однесува на:

- Двете страни ќе соработуваат во насока на намалување на невработеноста во Општина Македонски Брод и дректно ќе влијаат и на политиките и состојбите на ниво на РС Македонија преку поттикнување на вработувањето и самовработувањето.
- Овозможување на активности за волонтирање, со што би им се укажала можност на младите и невработените за стекнување поголемо искуство.
- Тековна размена на информации за организирање на разни програми за обука поврзана со образование, култура, економски активности, туризам итн.
- Примена на меѓународни искуства,
- Заедничка подготовка на програми и проекти од социо-еконмската, енергетската и културно - образовната сфера
- Пропишување, усвојување и примена на нови методологии во соработка
- Организирање на национални и меѓународни семинари,
- Реализација на заеднички проекти
- Заеднички настап пред владини органи и институции
- Размена на податоци, знаења и искуства
- Создавање на проекти од заеднички интерес и настапување пред можни донатори
- Поттикнување на проекти, апликации и вложувања врз основа на договори и иницијативи за јавно приватно партнерство.

**II.б Принципи на соработка**

1. Почитување

Оваа соработка ќе се заснова врз основа на принципите на меѓусебно почитување, како и стручно уважување.

2. Документи

Принципите на соработка ќе бидат засновани и во согласност со националните заложби и Статутот на двете страни, како и според Европските препораки и директиви кои ја покриваат оваа област.

3.Претставници

Претставниците на двете страни ги претставуваат и застапуваат ставовите на организациите со цел остварување заеднички цели и придобивки. Двете организации во согласност со договорот за соработка и посебни договори во поедини области, проекти и активности назначуваат еден или повеќе претставници.

**III. Одговорности на заинтересираните страни**

**III.а Општо**

1. Двете страни се согласуваат заеднички да настапуваат во остварувањето на своите индивидуални цели.

2. Сите достигнувања кои ќе бидат постигнати, на јавен и транспарентен начин ќе бидат претставени како достигнувања на двете страни, со јасно и недвосмислено искажување и истакнување на полното регистрирано име на другата договорна страна покрај сопственото име.

**III. б Забрани**

1. Било која од договорните страни не може да работи на штета на другата страна.
2. Двете страни се обврзуваат дека сите свои активности ќе ги спроведуваат следбено на важечките законски прописи, како и пропишани меѓународни акти и стандарди.

**IV. Трошоци поврзани со активностите**

Сите трошоци кои произлегуваат од реализацијата на активностите претходно мора да бидат одобрени од двете договорни страни. Посебен буџет не е предвиден за реализација на било која претходно наведените активности.

**V. Завршни одредби**

Документот стапува на сила кога двете страни ќе го потпишат договорот за соработка, истиот може да биде раскинат од било која од договорните страни со претходно приложена 30 (триесет) дневна најава за раскинување на договорот.

Овој Меморандум е составен во 2 (два) примероци, од кои за секоја договорна страна по 1 (еден) примерок.

Во име на двете страни овој документ го потпишуваат:

| | |
|---|---|
| Претседател на<br>Бизнис Конфедерација на Македонија | Градоначалник<br>на Општина Македонски Брод |

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр.18 - 288/11
31.03.2022 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за давање Согласност за склучување на Меморандум за соработка помеѓу Општина Македонски Брод и Бизнис Конфедерација на Македонија

Се објавува Одлука за давање Согласност за склучување на Меморандум за соработка помеѓу Општина Македонски Брод и Бизнис Конфедерација на Македонија, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 7 - та седница одржана на ден 31.03.2022 година.

Бр. 08 - 288/26
04.04.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 60 од Законот за животна средина („Службен весник на РМ“ бр.53/2002, 81/2005, 79/2006 ... 99/2018) и член 21 став 1 точка 28 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 - пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на 7 - та седница одржана на ден 31.03.2022 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за именување на членови на локален управен комитет за изработка на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Македонски Брод

Член 1

Се разрешуваат досегашните членовина Локален управен комитет за изработка на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Македонски Брод именувани со Одлука бр.18-566/3/2 од 15.07.2016 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.7/16) и Одлука бр.18-118/12 од 31.01.2018 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.1/2018).

Член 2

За членови на Локален управен комитет за изработка на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Македонски Брод, се именуваат:

- Жарко Ристески - Градоначалник на општина Македонски Брод;
- Зоран Новески - претставник на општинска администрација;
- Ирена Мишкоска - претставник на општинска администрација;
- Милена Костеска - претставник на општинска администрација;
- Љубе Батанџиоски - претставник на општинска администрација;
- Југослав Волчески - претставник на општинска администрација;
- Пецо Стојкоски - претставник на општинска администрација;
- Гоце Костоски - претставник на општинска администрација;
- Тони Маџоски - претставник на општинска администрација;

Член 3

Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр.18 - 288/12
31.03.2022 година
Македонски Брод

Совет Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Решение за именување на членови на локален управен комитет

за изработка на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Македонски Брод

Се објавува Решение за именување на членови на локален управен комитет за изработка на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Македонски Брод, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 7 - та седница одржана на ден 31.03.2022 година.

Бр. 08 - 288/26
04.04.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/2002), член 25 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 - пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на 7 - та седница одржана на ден 31.03.2022 година, донесе

# О Д Л У К А
## за формирање на Комисија за месна самоуправа

Член 1

Со оваа Одлука се формира Комисија за месна самоуправа во Општина Македонски Брод.

Член 2

За претседател и членови на Комисијата за месна самоуправа се избираат:

1. – Претседател – Мире Илиоски
2. - член – Марјан Алампиоски
3. - член – Даниел Максимоски
4. - член – Анамарија Златеска
5. - член – Зоран Велески

Член 3

Комисијата од член 1 на оваа Одлука се формира како помошно работно тело на Советот која го следи функционирањето на облиците на месната самоуправа и нивните органи, програми за работа и други прашања поврзани со работата на месната самоуправа по предлог на Градоначалникот, членовите на Советот и иницијативи на граѓаните од месната самоуправа, како и спроведување на избори за органи во месната самоуправа.

Член 4

Мандатот на претседателот и членовите на Комисијата трае колку и мандатот на членовите на Советот.

Член 5

Ова Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр. 18 - 288/13
31.03.2022 година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за формирање на Комисија за месна самоуправа

Се објавува Одлука за формирање на Комисија за месна самоуправа, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 7 - та седница одржана на ден 31.03.2022 година.

Бр. 08 - 288/26
04.04.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/2002), член 25 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 - пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на 7 - та седница одржана на ден 31.03.2022 година, донесе

# О Д Л У К А

за формирање на Комисија за јавни и комунални дејности

Член 1

Со оваа Одлука се формира Комисија за јавни и комунални дејности во Општина Македонски Брод.

Член 2

За претседател и членови на Комисијата за јавни и комунални дејности **се** избираат:

1. – Претседател – Марина Јованоска
2. - член – Дијана Јованоска
3. - член – Анамарија Златеска
4. - член – Бисерка Златеска
5. - член – Марјан Алампиоски

Член 3

Комисијата од член 1 на оваа Одлука се формира како помошно работно тело на Советот која го следи реализирањето на програмите од областа на јавните и комуналните дејности, ги разгледува пристигнатите барања, претставки и предлози од физички и правни лица од сферата на комуналните дејности и ги упатува на понатамошно постапување, а за тоа го известува Советот и му дава предлог за решавање.

Член 4

Мандатот на претседателот и членовите на Комисијата трае колку и мандатот на членовите на Советот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр. 18 - 288/14
31.03.2022 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за формирање на Комисија за јавни и комунални дејности

Се објавува Одлука за формирање на Комисија за јавни и комунални дејности, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 7 - та седница одржана на ден 31.03.2022 година.

Бр. 08 - 288/26
04.04.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03 ... 4/17 - пречистен текст), а согласно член 32 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.13/20) и Правилникот за утврдување на критериуми за доделување на парична помош за утврдени категории на лица донесен од страна на Совет на Општина Македонски Брод по доставени барања од физички лица, Советот на Општина Македонски Брод на 7 - та седница одржана на ден 31.03.2022 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица

1.Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.03.2022 година донесе решение за одобрување на еднократен надоместок за лекување и тоа како следи на:

- Мице Цветкоски му се одобрува еднократен надоместок во износ од 6.000,00 денари.

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година, програма АО Совет на Општина Македонски Брод, ставка 464, подставка 464 990 други трансфери.

3.Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Македонски Брод да го изврши наведеното решение согласно расположливите средства.

4.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

Бр. 18 - 288/ 15
31.03.2022 година

Совет на Општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица

Се објавува Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица за Цветкоски Мице, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 7 - та седница одржана на ден 31.03.2022 година.

Бр. 08 - 288/26
04.04.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03 ... 4/17 - пречистен текст), а согласно член 32 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.13/20) и Правилникот за утврдување на критериуми за доделување на парична помош за утврдени категории на лица донесен од страна на Совет на Општина Македонски Брод по доставени барања од физички лица, Советот на Општина Македонски Брод на 7 - та седница одржана на ден 31.03.2022 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица

1.Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.03.2022 година донесе решение за одобрување на еднократен надоместок и тоа како следи на:

- Димче Димитриески му се одобрува еднократен надоместок во износ од 6.000,00 денари.

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година, програма АО Совет на Општина Македонски Брод, ставка 464, подставка 464 990 други трансфери.

3.Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Македонски Брод да го изврши наведеното решение согласно расположливите средства.

4.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 - 288/ 16
31.03.2022 година

Совет на Општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица

Се објавува Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица за Димитриоски Димче, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 7 - та седница одржана на ден 31.03.2022 година.

Бр. 08 - 288/26
04.04.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03 ... 4/17 - пречистен текст), а согласно член 32 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.13/20) и Правилникот за утврдување на критериуми за доделување на парична помош за утврдени категории на лица донесен од страна на Совет на Општина Македонски Брод по доставени барања од физички лица, Советот на Општина Македонски Брод на 7 - та седница одржана на ден 31.03.2022 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица

1.Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.03.2022 година донесе решение за одобрување на еднократен надоместок и тоа како следи на:

- Гоце Јованоски му се одобрува еднократен надоместок во износ од 6.000,00 денари.

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година, програма АО Совет на Општина Македонски Брод, ставка 464, подставка 464 990 други трансфери.

3.Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Македонски Брод да го изврши наведеното решение согласно расположливите средства.

4.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 - 288/19
31.03.2022 година

Совет на Општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица

Се објавува Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица за Гоце Јованоски, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 7 - та седница одржана на ден 31.03.2022 година.

Бр. 08 - 288/26
04.04.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03 ... 4/17 - пречистен текст), а согласно член 32 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.13/20) и Правилникот за утврдување на критериуми за доделување на парична помош за утврдени категории на лица донесен од страна на Совет на Општина Македонски Брод по доставени барања од физички лица, Советот на Општина Македонски Брод на 7 - та седница одржана на ден 31.03.2022 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица

1.Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.03.2022 година донесе решение за одобрување на еднократен надоместок и тоа како следи на:

- Зоран Ристески му се одобрува еднократен надоместок во износ од 3.000,00 денари.

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година, програма АО Совет на Општина Македонски Брод, ставка 464, подставка 464 990 други трансфери.

3.Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Македонски Брод да го изврши наведеното решение согласно расположливите средства.

4.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 - 288/ 22
31.03.2022 година

Совет на Општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица

Се објавува Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица за Зоран Ристески, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 7 - та седница одржана на ден 31.03.2022 година.

Бр. 08 - 288/26
04.04.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03 ... 4/17 - пречистен текст), а согласно член 32 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.13/20) и Правилникот за утврдување на критериуми за доделување на парична помош за утврдени категории на лица донесен од страна на Совет на Општина Македонски Брод по доставени барања од физички лица, Советот на Општина Македонски Брод на 7 - та седница одржана на ден 31.03.2022 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица

1.Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.03.2022 година донесе решение за одобрување на еднократен надоместок како финансиска подршка за учество на меѓународен фестивал во Р Србија „Лира“ во Белград и тоа како следи на:

- Миле Андрески му се одобрува еднократен надоместок во износ од 3.000,00 денари.

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година, програма АО Совет на Општина Македонски Брод, ставка 464, подставка 464 990 други трансфери.

3.Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Македонски Брод да го изврши наведеното решение согласно расположливите средства.

4.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 - 288/23
31.03.2022 година

Совет на Општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица

Се објавува Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица за Миле Андрески, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 7 - та седница одржана на ден 31.03.2022 година.

Бр. 08 - 288/26
04.04.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03 ... 4/17 - пречистен текст), а согласно член 32 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.13/20) и Правилникот за утврдување на критериуми за доделување на парична помош за утврдени категории на лица донесен од страна на Совет на Општина Македонски Брод по доставени барања од физички лица (матуранти од СОУ „Св.Наум Охридски“ - Македонски Брод), Советот на Општина Македонски Брод на 7 - та седница одржана на ден 31.03.2022 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од матурантите од СОУ „Св.Наум Охридски“ Македонски Брод

1.Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.03.2022 година донесе решение за одобрување на финансиски средства за организирање на превоз по повод Матурска вечер во Охрид за матурантите 2021/22 година.

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година, програма АО Совет на Општина Македонски Брод, ставка 464, подставка 464 990 други трансфери. Средствата ќе се исплата согласно доставената фактура од превозникот.

3.Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Македонски Брод да го изврши наведеното решение согласно расположливите средства.

4.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 - 288/24
31.03.2022 година

Совет на Општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од матуранти од СОУ „Св.Наум Охридски“ Македонски Брод

Се објавува Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од матуранти од СОУ „Св.Наум Охридски“ Македонски Брод, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 7 - та седница одржана на ден 31.03.2022 година.

Бр. 08 - 288/26
04.04.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

**Службен гласник број 3 од 04.04.2022 година на Совет на Општина Македонски Брод**

# С О Д Р Ж И Н А


Одлука за определување на надоместок за членовите на Општинската изборна комисија Македонски Брод и Избирачките одбори за локалните избори 2021 година ... стр. 2

Заклучок за објавување на Одлука за определување на надоместок за членовите на Општинската изборна комисија Македонски Брод и Избирачките одбори за локалните избори 2021 година ........................................................................................ стр. 5

Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година ........................................................................................ стр. 6

Заклучок за објавување на Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година ................................................... стр. 7

Одлука за пристапување кон спогодбено уредување на споровите за надомест на штета предизвикана од каснување на куче скитник ........................................... стр. 8

Заклучок за објавување на Одлука за пристапување кон спогодбено уредување на споровите за надомест на штета предизвикана од каснување на куче скитник ............... стр. 9

Одлука за определување зони и подзони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот на територијата на Општина Македонски Брод ..................................... стр. 10

Заклучок за објавување на Одлука за определување зони и подзони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот на територијата на Општина Македонски Брод .. стр. 13

Заклучок за доплата на нето плата до минималната нето плата ......................... стр. 14

Заклучок за објавување на Заклучок за доплата на нето плата до минималната плата ........................................................................................................................ стр. 15

Заклучок по Информација за статусот на спроведување на проектот „Изградба на водоснабдителен систем за град Крушево“ ................................................................... стр. 16

Заклучок за објавување на Заклучок по Информација за статусот на спроведување на проектот „Изградба на водоснабдителен систем за град Крушево“ ........................... стр. 17

Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на Општина Македонски Брод за 2022 година .......................................... стр. 18

Заклучок за објавување на Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на Општина Македонски Брод за 2022 година ................... стр. 19

Програма за поставување урбана опрема на подрачјето на Општина Македонски Брод за 2022 година ........................................................................................ стр. 20

Заклучок за објавување на Програма за поставување урбана опрема на подрачјето на Општина Македонски Брод за 2022 година ..................................................................... стр. 32

Одлука за давање Согласност за склучување на Меморандум за соработка помеѓу Општина Македонски Брод и Бизнис Конфедерација на Македонија ........................... стр. 33

Заклучок за објавување на Одлука за давање Согласност за склучување на Меморандум за соработка помеѓу Општина Македонски Брод и Бизнис Конфедерација на Македонија .................................................................................................................... стр. 37

Решение за именување на членови на локален управен комитет за изработка на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Оопштина Македонски Брод ................ стр. 38

Заклучок за објавување на  Решение за именување на членови на локален управен комитет за изработка на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Оопштина Македонски Брод ......................................................................................................... стр. 39

Одлука за формирање на Комисија за месна самоуправа .................................... стр. 40

Заклучок за објавување на Одлука за формирање на Комисија за месна самоуправа .................................................................................................................................... стр. 41

Одлука за формирање на Комисија за јавни и комунални дејности ................... стр. 42

Заклучок за објавување на Одлука за формирање на Комисија за јавни и комунални дејности ................................................................................................................. стр. 43

Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица за Цветкоски Мице ....................... стр. 44

Заклучок за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица за Цветкоски Мице ....................................................................................................... стр. 45

Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица за Димитриески Димче ................ стр. 46

Заклучок за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица за Димитриески Димче ................................................................................................. стр. 47

Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица за Јованоски Гоце ......................... стр. 48

Заклучок за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица за Јованоски Гоце ........................................................................................................ стр. 49

Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица за Ристески Зоран ......................... стр. 50

Заклучок за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица за Ристески Зоран ................................................................................................................. стр. 51

Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица за Андрески Миле ........................ стр. 52

Заклучок за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица за Андрески Миле ................................................................................................................. стр. 53

Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од матуранти од СОУ „Св.Наум Охридски“ Македонски Брод ........................................................................................................................ стр. 54

Заклучок за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од матуранти од СОУ „Св.Наум Охридски“ Македонски Брод ................................................................... стр. 55